434.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 февруари 2007 година.

Бр. 07-960/1
27 февруари 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Љубиша Георгиевски, с.р.

З А К О Н
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 85/2003, 40/2004 и 113/2005), во членот 51 став (6) по точката е) се додава нова точка ж), која гласи:

"ж) ако во рок од два последователни квартали Агенцијата покажува негативни финансиски резултати во работењето."

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

L I G J
PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SIGURIM PENSIONAL ME FINANCIM TË DETYRUESHËM KAPITAL

Neni 1

Në Ligjin për sigurim pensional me financim të detyrueshëm kapital ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 29/2002, 85/2003, 40/2004 dhe 113/2005), në nenin 51 paragrafi (6) pas pikës e) shtohet pika e re zh) si vijon:

"zh) nëse në afatin prej dy tremujorëve të njëpasnjëshëm, Agjencia tregon rezultate negative financiare në punë".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

435.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ФОНДОВИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за инвестиционите фондови,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 февруари 2007 година.

Бр. 07-961/1
27 февруари 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Љубиша Георгиевски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ФОНДОВИ

Член 1

Во Законот за инвестиционите фондови ("Службен весник на Република Македонија" број 9/2000), во членот 2 ставот (1) се менува и гласи:

"Зборовите: "инвестиционен фонд", "отворен фонд", "затворен фонд", "приватен фонд", "друштво за управување со фондови", "друштво за управување со приватни фондови" или други називи што можат да создадат привид дека се работи за некоја од овие форми во називот на фирмата или неговиот додаток смеат да го употребуваат само друштвата за управување со инвестициони фондови, друштва за управување со приватни фондови и инвестициони фондови и приватни фондови основани во согласност со овој закон, и тоа само за означување на предметот на работење и за рекламни цели. "

Во ставот (2) по зборот "потфат" се додаваат зборовите: "и кои прибираат парични средства преку приватна понуда", а по зборот "добивка" зборовите: "врз основа на претприемачките напори на други лица" се бришат.

Член 2

Во членот 3 се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) По исклучок на ставот (1) од овој член, приватен фонд и друштво за управување со приватни фондови се основаат без одобрение на Комисијата за хартии од вредност."

Член 3

Членот 4 се менува и гласи:

"(1) Инвестиционен фонд може да се основа како отворен фонд, затворен фонд и приватен фонд.

(2) Инвестиционен фонд се основа за здружување на парични средства наменети за инвестирање од домашни и/или странски физички и правни лица и/или Република Македонија преку јавен повик или приватна понуда, со кои за сметка на инвеститорите управува друштво за управување со инвестициони фондови, односно друштво за управување со приватни фондови.

(3) Отворениот и затворениот фонд ги основа и со нив управува друштво за управување со инвестициони фондови, а приватниот фонд го основа и со него управува друштво за управување со приватни фондови."

Член 4

Во членот 5 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Приватен фонд се основа со прибирање парични средства преку приватна понуда за продавање на документи за удел. "

По ставот (3) кој станува став (4) се додава нов став (5), кој гласи:

"(5) Преку приватна понуда се прибираат парични средства од инвеститори кои се вложуваат во согласност со проспектот на приватниот фонд."

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (6) и (7).

Член 5

Во членот 12 став (2) зборовите: "издавање и тргување со" се бришат.